**Стандард на квалификација**

| | |
|---|---|
| **1. Назив на квалификацијата** | Агротехничар за традиционално и органско производство |
| **2. Код на квалификацијата** | |
| **3. Тип на квалификацијата** | Квалификација на ниво на образование |
| **4. Ниво на квалификацијата** | IV (четврто) |
| **5. Сектор на квалификацијата** | Земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| **6. Стандард (и) на занимање на кои се базира квалификацијата** | 1. Оператор за растително земјоделско производство<br>2. Оператор за сточарско производство<br>3. Оператор за земјоделска механизација<br>4. Агротехничар за традиционално и органско производство |
| **7. Опис на квалификацијата со образложение** | Агротехничарот за традиционално и органско производство планира, организира и координира работа во растително и животинско производство и спроведува основни процедури за преработка на примарните производи.<br>При извршување на работните операции во земјоделското производство користи соодветна механизација, опрема и алатки.<br>Агротехничарот за традиционално и органско производство обезбедува услови во земјоделското производство.<br>Применува соодветни и релевантни технологии во областа на полјоделското, градинарското, овоштарското, лозарското и сточарското производство.<br>Спроведува постапки на основна обработка, доработка, пакување и складирање на производи од растително и животинско потекло на еколошки одржлив начин.<br>Учествува во набавка и пласирање на производите.<br>Применува стандарди и норми на традиционално, органско, конвенционално и интегрално производство и спроведува процедури и мерки за заштита на животната средина, безбедноста и здравјето при работа, како и мерки за заштита на работното место, почитувајќи ги стандардите за квалитет во неговата работа. |

| | |
|---|---|
| | Комуницира со колеги, подредени, надредени и клиенти на етички и професионален начин во согласност со принципите на родова, расна, национална, културна, верска и друга еднаквост.<br>Спроведува маркетинг активности, самостојно и како член на тимот.<br>Следи трендови, достигнувања, нови технологии (вклучувајќи ИКТ) и нивна примена во работните и производствените процеси, при што континуирано професионално се развива.<br>Оваа квалификација е релевантна на регионално ниво, бидејќи се заснова на регионално усвоен стандард за занимање, развиен во соработка со регионалните агенции за СОО. |
| **8. Клучни компетенции** | 1. **Комуникација на мајчин јазик**<br>Способен е да споделува и толкува размислувања, податоци, факти, барања и ставови во усна и во писмена форма за земјоделството. Остварува јазична интеракција со соработниците и клиентите на соодветен и креативен начин во различни професионални, општествени и културолошки контексти. Способен е да користи различни видови документација, да пребарува, собира и обработува информации и да користи професионален речник од земјоделството.<br>Способен е да го користи правилно стандардизираниот јазик при изразување во областа на земјоделство.<br><br>2. **Комуникација на странски јазик**<br>При потреба од користење на странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува упатства, размислувања, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Со цел компетентно да го следи напредокот во професијата, способен е да го користи странскиот јазик и да го надградува своето знаење во сферата на стручната терминологија во земјоделството.<br><br>3. **Математички и основни компетенции во областа на науката и технологијата** |

| | |
|---|---|
| | Во решавањето на задачите за време на секојдневната работа, применува практично и логичко размислување и знаење во извршување на работите. Користи соодветен редослед и правила на пресметување и работи со техничко-технолошки алатки. Пресметува потребни елементи во соодветна документација и логичко поврзување на зададени и барани податоци.<br><br>4. **Дигитална компетенција**<br>Користи соодветна дигитална технологија за да обезбеди подобра функционалност во прибирање, обработка, организирање и прикажување на податоци при вршење на работи во растително земјоделско и сточарско производство и во процесот на нивна преработка. Користи алатки за подготовка и извршување на работните задачи и пополнува документација во електронска форма.<br><br>5. **Учење како се учи**<br>Способен е да стекне, обработи и усвои нови знаења и вештини, заради личен напредок и унапредување во работата. Способен е да управува со сопствената кариера и автономното учење.<br><br>6. **Социјални/општествени и граѓански компетенции**<br>Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област.<br><br>7. **Чувство за иницијатива и претприемништво**<br>Покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела, со цел да се подобрат практиките. Способен е да ги препознае и искористи можностите и предизвиците за подобрување во различни ситуации. Придонесува кон |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">развојот на културата која ги поддржува и вреднува иницијативите и ги препознава различните вештини на извршителите во рамките на производниот процес во земјоделската дејност. Истражува и развива идеи за традиционално и органско производство на примарни производи и нивна преработка и ги следи новитетите и трендовите во дејноста.<br><br>8. Културолошка свест и културно изразување<br>Го препознава и почитува креативниот израз на идеи, искуства и емоции и работи на нивно подобрување. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите во заедницата и ги изразува на соодветен начин, со што придонесува кон подобрување на нивната самодоверба и мотивација.<br>Го препознава значењето и ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења.</td></tr>
<tr><td>9. Обем (вкупно кредити и времетраење)</td><td colspan="4">Вкупно кредити: 240<br>Времетраење: 4 години</td></tr>
<tr><td>10. Критериуми за влез или упис</td><td colspan="4">Образовната програма Агротехничар за традиционално и органско производство може да ја следат редовни и вонредни ученици, со завршено основно образование или тригодишно образование од други квалификации (III ниво од НРК), со полагање на диференцијални испити,<br>Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следниве услови:<br>- да е постар од 17 години,<br>- да е на боледување подолг период,<br>- да му е изречена педагошка мерка отстранување од училиштето,<br>- да е во работен однос,<br>- во други случаи утврдени со статутот на средното училиште.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">11. Листа на задолжителни модули за квалификации или предмети</td><td>Код</td><td>Назив</td><td>Часови</td><td>Кредити</td></tr>
<tr><td></td><td>Заеднички општообразовен модул</td><td>38/1347</td><td>72</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Општо-образовен модул значаен за одреден сектор | 16/576 | 31 |
| | | Основи на секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство | 7/252 | 17 |
| | | Заштита, почва и механизација | 9/324 | 20 |
| | | Контрола и управување со квалитет | 4/144 | 8 |
| | | Традиционално и органско производство | 5/180 | 11 |
| | | Технологии во полјоделско и градинарско производство | 8/288 | 16 |
| | | Технологии во лозарско и овоштарско производство | 7/231 | 13 |
| | | Технологии во сточарско производство | 4/132 | 7 |
| | | Прехранбена технологија | 4/138 | 8 |
| | | Организација и претприемништво | 4/138 | 8 |
| | | Учење преку работа кај работодавач | 10/342 | 17 |
| | | Државна матура и завршен испит | / | 4 |
| **12. Вкупен број на часови и кредити (11)** | **116/4092 часа / 232 кредити** | | | |
| **13. Листа на изборни модули за квалификации или предмети** | **Код** | **Назив** | **Часови** | **Кредити** |
| | | Пчеларство | 4/138 | 8 |
| | | Лековити, ароматични и зачински растенија | 4/138 | 8 |
| | | Агротуризам | 4/138 | 8 |
| **14. Вкупен број на часови и кредити (13)** | **4/138 часа / 8 кредити** | | | |

| | |
|---|---|
| **15. Резултати од учењето** | **Ученикот ќе биде способен да:**<br><br>1. Применува планирање, подготвување и организирање на земјоделско производство<br>2. Користи соодветна механизација, опрема и алатки за извршување на работните операции во земјоделското производство<br>3. Обезбедува услови за земјоделско производство<br>4. Одгледува пољоделски и градинарски култури на отворено и во заштитени простори<br>5. Одгледува лозови и овошни насади<br>6. Применува технологии во сточарско производство<br>7. Преработува примарни производи за добивање на едноставни прехранбени производи во рамките на земјоделското стопанство<br>8. Применува деловна комуникација и претприемнички вештини во земјоделството<br>9. Спроведува стандарди за квалитет, заштита на животната средина и безбедност на работното место |
| **16. Начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето** | **16.1. Начин на проверка:**<br>- Директно набљудување на постигањето на ученикот од страна на оценувачот<br>- Усно и писмено<br>- Оценување на работа на проект<br>- Набљудување на способноста на ученикот да комуницира и размислува критички<br>- Прашања и одговори<br>- Различни видови тестови<br>- Листа за проверка<br>- Проектни задачи и извештаи<br>- Презентации<br>- Практични задачи<br>- Симулација |

| | |
|---|---|
| | - Играње улоги<br>- Ученички дневник<br><br>**16.2. Критериуми за проверка на резултатите од учењето**<br>**Ученикот може да:**<br><br>1.1. Применува планирање и организирање на својата работа и работата на група работници, во согласност со работните задачи земјоделското производство<br>1.2. Подготвува ресурси и работно место за земјоделска работа, во согласност со планираните активности и работни задачи<br>1.3. Изготвува соодветна работна документација<br>1.4. Користи метеоролошки, агроеколошки и економски податоци и трендови при планирање на агротехнички мерки.<br>1.5. Креира план за плодоред и план за производство.<br>1.6. Врши координирање, контролирање и надзор на активностите на работниците за време на работата, почитувајќи ги поединечните нивни способности<br><br>2.1. Избира механизација, опрема и алати согласно работни операции во земјоделското производство<br>2.2. Објаснува принцип на работа на механизација, опрема и алатки за изведување на работните операции во земјоделското производство<br>2.3. Контролира техничката исправност и потребната конфигурација на машините, опремата, алатите и нивните агрегати<br>2.4. Спроведува агротехнички мерки со користење на соодветни машини и опрема во процесите на земјоделско производство<br>2.5. Користи машини, опрема и уреди во процесот на сточарско производство<br>2.6. Врши детектирање и поправање на помали дефекти на механизацијата, опремата и алатките<br>2.7. Чисти механизација, опрема и алатки по употребата<br>2.8. Спроведува процедури за превентивно |

| | |
|---|---|
| | одржување, складирање и чување на механизацијата, опремата и алатките<br><br>3.1. Избира видови и сорти на земјоделски култури за одгледување, користејќи ги податоците добиени од анализата на агрометеоролошките и хидролошките услови<br>3.2. Користи податоци добиени од анализата на агрометеоролошките и хидролошките услови за планирање на сточарското производство<br>3.3. Зема примероци од почва и вода за анализа<br>3.4. Толкува податоци добиени од анализа<br>3.5. Спроведува мерки за спречување на појава на неповолни агрометеоролошки услови<br>3.6. Применува адаптивни мерки во производството за прилагодување кон климатските промени<br><br>4.1. Врши подигање и уредување на заштитени простори<br>4.2. Применува примарна обработка и ѓубрење на почвата<br>4.3. Произведува семенски и саден материјал<br>4.4. Врши избирање, контролирање и подготовка на соодветен семенски и саден материјал во согласност со еколошките услови во регионот на огледување и биолошките карактеристики на одгледуваната култура<br>4.5. Врши сеидба, садење и одгледување на растенија, применувајќи соодветни техники и методи, механизација, опрема и алати во согласност со стандардите и прописите<br>4.6. Применува мерки за нега на полјоделските и градинарските култури во согласност со најновите технологии на одгледување на отворено и во заштитени простори<br>4.7. Врши прибирање, сортирање, пакување и складирање на полјоделски производи и зеленчук, согласно стандардите и прописите<br><br>5.1. Врши подготовка за подигање на повеќегодишни насади, согласно |

| | |
|---|---|
| | стандардите и технологиите на производство<br>5.2. Произведува овошен и лозов саден материјал<br>5.3. Подига повеќегодишни насади во согласност со агроеколошките услови и расадниот материјал<br>5.4. Применува постапки за одгледување насади до периодот на родност согласно стандардите и технологиите на производство<br>5.5. Применува агротехнички и помотехнички мерки за одгледување на повеќегодишни насади во периодот на родност<br>5.6. Врши прибирање, сортирање, пакување и складирање на овошје и грозје<br><br>6.1. Подготвува услови за одгледување домашни животни според раса и категорија, во согласност со прописите кои ја регулираат одржливоста и заштитата на животната средина<br>6.2. Врши избор на добиток за репродукција<br>6.3. Обезбедува исхрана за домашните животни според раса и категорија<br>6.4. Применува мерки за обезбедување благостојба на домашните животни<br>6.5. Применува профилактички и зоотехнички мерки<br>6.6. Применува технологии за одгледување домашни животни според видот и целта на производството<br>6.7. Спроведува соодветни активности за собирање, складирање и чување на производи од животинско потекло<br><br>7.1. Подготовува суровини, прибор, опрема, уреди и алатки за преработка согласно пропишаните стандарди<br>7.2. Врши преработка на жито (пр. производство на брашно)<br>7.3. Спроведува едноставни постапки на термичка обработка и конзервирање на овошје и зеленчук согласно стандардите за добивање производи (на пр. џемови, ракии, конзервирано овошје и зеленчук и сл.)<br>7.4. Произведува сушен зеленчук, овошје, |

| | |
|---|---|
| | зачински и лековити растенија и цедени сокови<br>7.5. Спроведува технолошки процес за едноставно производство на млечни производи (пр. сирење, јогурт, кефир, свежо сирење, павлака и сл.)<br>7.6. Спроведува постапки на пакување, означување, складирање на готови производи и нуспроизводи во соодветна еколошка амбалажа<br><br>8.1. Соработува на етички и професионален начин со претпоставените, соработниците и трети лица, индивидуално и како член на тимот, со примена на соодветни техники за комуникација и успешно разрешување на конфликти<br>8.2. Применува ИТ технологии во комуникацијата<br>8.3. Креира едноставен бизнис план за производство и продажба на земјоделски производи<br>8.4. Подготвува промотивни материјали и ја промовира понудата/производот, користејќи различни маркетинг канали.<br>8.5. Користи адекватни техники на продажба во согласност со изготвениот деловен план и важечките прописи<br><br>9.1. Спроведува безбедносни мерки при работа, користејќи соодветни средства за лична заштита и заштитна опрема<br>9.2. Отстранува можни основни недостатоци во насока на обезбедување квалитет на готовиот производ<br>9.3. Идентификува опасности во работниот процес со цел да ги намали ризиците/спречи појава на опасности<br>9.4. Применува соодветни упатства за употреба на алати, опрема за работа и препарати<br>9.5. Спроведува правила за заштита на животната средина и еколошките стандарди<br>9.6. Управува со отпадот, нуспроизводите и хемикалиите од работниот процес во согласност со прописите за заштита на животната средина<br>9.7. Применува стандарди во земјоделското |

| | |
|---|---|
| | производство (добра земјоделска практика - GAP, добра хигиенска практика, благосостојба на животните, органско производство, традиционално производство, Анализа на опасност и критични контролни точки - HACCP итн.)<br>9.8. Врши земјоделски работи, користејќи енергија и материјали во согласност со принципите на одржлив развој и заштита на животната средина |
| **17. Вид на завршна јавна исправа** | - Диплома за завршен испит<br>- Диплома за државна матура |
| **18. Институција која ја издава јавната исправа** | Верифицирана установа за стручно образование и обука |
| **19. Проодност** | По завршувањето на средното образование, агротехничарот за традиционално и органско производство ќе може да работи во сите гранки на земјоделско производство, а ќе биде оспособен да води и сопствен бизнис, односно да работи на сопствена фарма.<br><br>Вработување:<br>- самовработување<br>- вработување во земјоделски комбинати, земјоделски задруги или во индивидуални земјоделски стопанства<br><br>Вертикална проодност:<br>- продолжување на постсредно образование<br>- продолжување на високообразовни установи од соодветна областа доколку се стекне со државна матура<br>- продолжување на високообразовни установи од други области доколку се стекне со државна матура |
| **20. Датум на донесување на стандардот на квалификација** | ___/___/_______ |
| **21. Датум на последна ревизија** | ___/___/________ |